Уп. Бр. 08-150/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18, и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24) а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Нипон Експрес Холдингс, Инк (Nippon Express Holdings, Inc.), со регистрирано седиште на Зграда на ЕнЕкс групација, Канда, Изумичо 2, Чијода-ку, 101-0024 Токио, Јапонија, доставено преку адвокат Љупка Новеска Андонова од Скопје, на седницата одржана на ден 17.12.2024 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Нипон Експрес Холдингс, Инк (Nippon Express Holdings, Inc.), со регистрирано седиште на Зграда на ЕнЕкс групација, Канда, Изумичо 2, Чијода-ку, 101-0024 Токио, Јапонија, има намера да стекне самостојна контрола над СХ ХолдКо ГмбХ (SH HoldCo GmbH), со седиште на Хаид-унд-Ној-Штр. 13-15, 76131, Карлсруе, Германија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 12.11.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е

доставено известување за концентрација од Нипон Експрес Холдингс, Инк (Nippon Express Holdings, Inc.), со регистрирано седиште на Зграда на ЕнЕкс групација, Канда, Изумичо 2, Чијода-ку, 101-0024 Токио, Јапонија, со која Нипон Експрес Холдингс, Инк има намера да стекне самостојна контрола над Симон Хегеле групација на друштва („**Симон Хегеле Групација**") преку стекнување на целокупниот удел во СХ ХолдКо ГмбХ (SH HoldCo GmbH), со седиште на Хаид-унд-Нoј-Штр. 13-15, 76131, Карлсруе, Германија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Нипон Експрес Холдингс, Инк е јапонско друштво со седиште во Токио, кое котира на Берзата на Токио. Работи на светско ниво (во Јапонија, Јужна и Северна Америка, Европа, Источна Азија и Јужна Азија и Океанија) како глобален обезбедувач на услуги на логистика, вклучувајќи услуги за складирање, домашен и меѓународен превоз преку железнички, морски или воздушен пат.

Производите и услугите на Нипон Експрес Холдингс, Инк се составен дел на четири сегменти за кои може да се извести, и тоа логистика, безбеден превоз, превоз на тешка стока и градежништво, како и логистичка поддршка.

Во Северна Македонија, Нипон Експрес Холдингс, Инк има едно регистрирано зависно друштво :

КАРГО-ПАРТНЕР ЛОГИСТИКС ДООЕЛ Скопје (со регистрирано седиште на ул. Орце Николов бр. 111/1-1, 1000 Скопје, и регистрирана дејност 52.29 – Останати придружни дејности во превозот).

**Симон Хегеле Групацијата** е активен снабдувач на услуги и логистика на светско ниво со фокус на здравствениот сектор, главно лоцирано во Германија а во помал обем и во Франција, Соединетите Американски Држави, Обединетото Кралство, Мексико, Австралија, Бразил, Сингапур, и Турција.

Симон Хегеле Групацијата не е воопшто присутна во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за

последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**